РАН на Западен Балкан
14/04/2022
ЗАВРШЕН ТРУД
*РАН (Мрежа за зголемување на свеста за опасностите од радикализација) на Западен Балкан - Регионална експертска работилница од мал обем*
*Работа со престапници - насилни екстремисти или терористи долж континуитетот на излегување од затвор*
*30 март 2022 година, онлајн*

# Работа со престапници - насилни екстремисти или терористи долж континуитетот на излегување од затвор

## Клучни исходи

Справувањето со затворени или неодамна ослободени престапници - насилни екстремисти или терористи (НЕТП), вклучувајќи ги и вратените странски терористички борци (СТБ) е релативно нов предизвик за западнобалканските општества. Регионот се справува со бројни предизвици околу НЕТП и СТБ, вклучувајќи ја затворската радикализација, имплементирањето ефективни мерки за рехабилитација и исклучување во затворскиот систем, недостатокот на родова перспектива, и севкупно слабите капацитети и знаења при справување со НЕТП и СТБ во затворскиот систем. Сепак, расте разбирањето на овие предизвици и на начините на кои координацијата, соработката и комуникацијата помеѓу властите, религиските институции, верските организации, граѓанското општество и заедницата можат да го подобрат процесот на управување со излегувањето од затвор на НЕТП и СТБ. Континуитетот на излегувањето од затвор на НЕТП и СТБ е важен за разнишување и заслабнување на потенцијалот за рецидивизам. Овој завршен труд дава краток преглед на дискусиите од регионалната онлајн експертска работилница со мал размер „Работа со престапници - насилни екстремисти или терористи долж континуитетот на излегување од затвор" одржана на 30 март 2022 година. На работилницата присуствуваа практичари од ЕУ и Западен Балкан кои работат долж континуитетот на излегување од затвор. Некои од главните заклучоци од оваа работилница вклучуваат:

- **Непостоење на волја на НЕТП да соработуваат со затворскиот кадар и останатите професионалци сè уште претставува голем предизвик** во регионот. Инвестирањето во човечки капацитет е клучно и затворскиот кадар треба да добие **насочена обука** со цел да им овозможи да применат индивидуализирани пристапи кон НЕТП, вклучувајќи и како да се изгради односот и да се разберат механиките на довербата. Ова треба да вклучува истражни интервјуа засновани врз човековите права и динамично обезбедување, како начини да се изгради позитивна професионална врска со клиентот. Обуките треба да бидат посистематски проценувани за одржливост и ефективност.

- **Затворските услови** се исто така важни за подобрување на недоброволните врски со клиентот - затворот треба да го нормализира животот и да обезбеди здрава средина во која престапникот почнува да согледува можности за рехабилитација по отпуштањето и станува поверојатно истиот да се вклучи во програмите. Во овој контекст, искуството на западнобалканските земји покажува дека е

важна довербата на затворениците во кредибилитетот на програмите за реинтеграција и дерадикализација. Односно, затворениците треба да имаат доверба дека таквите програми се навистина таму за да ги поддржат.

- **Контактирањето на членовите на семејствата на НЕТП и обезбедувањето поддршка за нив** (образовна, социоекономска, медицинска, за ментално здравје) се покажало како многу ефективно за придобивање на довербата, давајќи предност на конкретни чекори за периодот по отпуштањето и подготвувајќи ги за транзицирање во заедницата. Ова може да се оствари со идентификување еден член од семејството кој е сигурен и кој е од помош за процесот на рехабилитација на НЕТП, и обезбедување поддршка за нив. Подеднакво е важно да се **работи со заедниците за тие да се подготват за реинтеграција на отпуштените НЕТП,** вклучително и преку зајакнување на граѓанските организации за да ја преземат оваа работа. Комуникацијата е важна – практичарите треба да избегнат „форсирање", и наместо тоа да покажат дека се таму за да помогнат.

- Постои јасна потреба да се **премости јазот помеѓу безбедносниот кадар кој работи со НЕТП во затвор и практичарите кои обезбедуваат грижа во фазата по отпуштањето.** Потребно е на социјалните работници и психолозите да им се дозволи пристап до НЕТП додека се сè уште во затвор, како дел од подготовката за отпуштање. Затворите не треба да бидат оставени сами со одговорноста за НЕТП, но тие исто така треба да се отворат кон други професионалци кои обезбедуваат грижа и поддршка.

# Главни моменти од дискусијата

**Затворите на Западниот Балкан сè уште учат како да се справат со НЕТП и СТБ**

НЕТП и СТБ се релативно нов феномен за западнобалканските затвори и поради тоа системот сè уште учи и се приспособува на справувањето со предизвиците кои тие ги претставуваат. Како резултат на ова, затворите стануваат ранливи на радикализација. Органите на власта на Западниот Балкан сфаќаат дека пристапот „иста мерка за сите" едноставно не функционира во однос на континуитетот на излегувањето од затвор на НЕТП и СТБ. На пример, во Косово*, поправната служба дури во 2016 година почнала да го обучува кадарот за справување со НЕТП и СТБ и да развива програма за рехабилитација и ресоцијализација. Соодветно на ова, постојат проблеми со недостаток на капацитети, а во некои случаи и недоволни ресурси за справување со НЕТП и СТБ во затвор и по нивното отпуштање. Кадарот во затворскиот систем во суштина е обучен да пристапува кон својата работа во безбедносна смисла, и често им недостасуваат потребните вештини и знаења за спроведување на комплексни задачи како што е проценатa на степенот на радикализација и посветеност на насилниот екстремизам на НЕТП и СТБ. Освен тоа, НЕТП и СТБ се во суштина сомничави и не соработуваат со државните институции, за време на и по периодот на нивното затворање. Поголема вклученост на заедницата и семејствата на НЕТП и СТБ, како и здружените напори со граѓанското општество, би можеле да помогнат да се подобри ситуацијата.

Клучни се мерките за градење доверба помеѓу НЕТП и СТБ во затворскиот систем и кадарот назначен за работа на дерадикализацијата и рехабилитацијата. Чести промени во кадарот на затворскиот систем го попречуваат градењето доверба кај НЕТП и СТБ. Од суштинска важност е да им се даде повеќе време на поправните службеници да ги разберат динамиките и да изградат однос со НЕТП и СТБ, што може да води до повисок степен на учество во програмите за дерадикализација и рехабилитација, како и поконструктивен и соработувачки пристап со јавните институции по отпуштањето. Главно, условите во затворите на Западниот Балкан треба да бидат погодни за целта на рехабилитација и дерадикализација.

**На пристапите кон справување со НЕТП и СТБ им недостасува соодветна родова перспектива**

Има многу малку случаи на осудени жени НЕТП, бидејќи со општиот пристап не се гонеле кривично вратените жени. Во Косово, жените кои се враќале не биле испрашувани веднаш по пристигнувањето, но не

го избегнале кривичното гонење. Се проценува дека околу 20 вратени жени биле осудени во Косово, а 16 се изјасниле за виновни за обвиненија како што е „организирање и учествување во терористичка група".

Сепак, во пошироката С-СНЕ перспектива, за да се осигура ефикасноста на програмите за исклучување и реинтеграција, од суштинска важност е примената на родово чувствителен пристап. Ова исто така ја зајакнува соработката меѓу повеќе агенции и придонесува кон градењето доверба помеѓу институциите и НЕТП. Случаите на Албанија и Босна и Херцеговина го истакнуваат ова прашање. Според искуството на практичарите во работилницата, програмите во Албанија се главно насочени кон мажи и недостасува знаење за како да се пристапи кон жените НЕТП и СТБ.  Учесниците во работилницата го потенцираа значењето на социо-економската поддршка при отпуштањето на НЕТП/СТБ, заедно со специјализирани програми за поддршка на жените и децата, вклучително и преку образованието и обезбедувањето соодветна поддршка за менталното здравје. Искуствата од БиХ покажуваат дека некои од вратените жени поврзани со НЕТП често се економски зависни и продолжуваат да ги поддржуваат. Односно, недостатокот на конкретни програми за ресоцијализација за овие жени придонесува кон продлабочување на недовербата на НЕТП и нивните семејства кон јавните институции воопшто.

**Важноста на соработката, координацијата и комуникацијата за континуитетот на излегувањето од затвор и фазата по отпуштањето**

Соработката, координацијата и комуникацијата помеѓу органите на власта се од суштинска важност во контекстот на управување со периодот на излегување од затвор на НЕТП и СТБ. Ова значи дека јавните институции кои се одговорни за надзор и справување со НЕТП и СТБ по нивното излегување од затвор зависат од квалитетните информации од затворскиот кадар во врска со засегнатите поединци. Иако со повеќе искуство ова се има подобрено, сè уште е важно да се зајакне преносот на методи, знаење, и пристапи во случај на повеќе агенции. Во однос на ова, потребна е проширена соработка помеѓу социјалните служби, безбедносните институции и локалните заедници со цел да се разјасни кои информации треба да се споделат и до кој степен е ограничено работењето на неинституционалните страни со НЕТП, без притоа да се компромитира безбедноста.

Главните предизвици и искуства околу подготовката на НЕТП за отпуштање и во фазата по отпуштањето за кои се дискутираше за време на состанокот вклучуваат:

- недостаток на секаква **комуникација и соработка помеѓу социјалните служби, безбедносниот и затворскиот кадар и заедниците** во раните фази на враќањето и осудувањето на СТБ, додека опстојуваат неколку предизвици.
    - Во Босна и Херцеговина, на пример, социјалните служби за прв пат морале да работат со безбедносните агенции и било тешко да се најде заеднички јазик.
    - Потребно е институциите и практичарите кои работат на континуитетот на излегувањето од затвор (на пр. центрите за социјална заштита) да имаат пристап до квалитетни информации или податоци од затворскиот систем во врска со отпуштените НЕТП и СТБ. На пример, во случајот на Косово, постои загриженост дека извештаите кои се изработуваат за НЕТП и СТБ при нивното отпуштање тежнеат кон генеричност, без детални информации за засегнатиот поединец, што потенцијално може да ги попречи напорите на институциите ефективно да ја испланираат поддршката за тие поединци.
- Во Косово*, Одделот за спречување и реинтеграција на радикализирани лица (ОСР) на Министерството за внатрешни работи добива, преку е-пошта од Косовската поправна служба (КПС), информации и индивидуален план за секој затворен СТБ 3 месеци пред нивното отпуштање. Исто така, кадарот на ОСР има пристап до базата на податоци на КПС за СТБ. Ова е **пример на механизам за размена на информации и структурите кои се воспоставени за да овозможат комуникација.**

- Економската поддршка за НЕТП и СТБ од страна на јавните институции и граѓанското општество се смета за суштинска за градење на довербата, но сепак предизвиците во комуникацијата помеѓу институциите, како и помеѓу институциите и НЕТП и СТБ, повремено создаваат **нереални очекувања и перцепции за потребите.**

- **Понатамошни мерки по отпуштањето** На Западниот Балкан нема посебни програми кои НЕТП и СТБ можат да ги користат по периодот на притвор, но се поттикнува нивното користење на постојните програми на социјална заштита за вработување и социјална помош. Сепак, истите се често ограничени со време и опсег. Административните процедури и критериуми уште повеќе го комплицираат користењето на овие програми од НЕТП и СТБ.

    - На пример, во Босна и Херцеговина, подготовката за отпуштање на НЕТП почнува само осум дена пред самото отпуштање. Во некои случаи, НЕТП можат да ги искористат општите мерки за социјална помош по отпуштањето, но само за еден месец. Ова временско ограничување е исто така недоволно за да се подготват професионалците кои ќе обезбедуваат поддршка и грижа по отпуштањето. Најчесто ова е првиот контакт помеѓу НЕТП и социјалните служби, кои често немаат соодветна обука за да се справат со толку чувствителни случаи.

    - Се чини дека и родовите стереотипи влијаат врз континуитетот на излегувањето од затвор, како кога мажите НЕТП немаат волја да работат со жени социјални работници.

    - Еден јасен предизвик е поврзан со НЕТП кои се отпуштени во мали и/или рурални заедници каде практичарите не добиле обука и не постои поддршка.

- Се дискутираа можни **решенија** за препознаените предизвици, меѓу кои:

    - Контактирање на семејствата пред отпуштањето со цел да се изгради доверба и да се обезбеди социо-економска поддршка.

    - Дозволување пристап на социјалните работници и останатите професионалци (вклучувајќи ги тие кои работат на менталното здравје) до НЕТП кои се веќе во затвор.

    - Учесниците нагласија дека соработката и комуникацијата со религиските водачи и верските организации се клучни за справување со НЕТП и СТБ по излегувањето од затвор.

- **Управувањето со случаи кое е воспоставено за реинтегрирање на жени и деца** кои се вратени во земјата може да се користи уште повеќе кога НЕТП се отпуштени во заедниците за да се зајакне соработката меѓу повеќе агенции. Мерките за реинтеграција за семејствата (како што е поддршката за основање бизнис) можат повеќе да се применуваат.

# Препораки

1. **Да се развијат капацитетите на затворскиот кадар и другите службеници релевантни за континуитетот на излегувањето од затвор преку обуки, споделување искуства и управување со знаење**

- Потребни се обуки за постојниот кадар, но исто така и вработување на квалификувани и професионални експерти во затворите. Програмите за обука за затворскиот кадар и кадарот за условно ослободување треба редовно да се ажурираат.

- Понатаму, потребно е да се создадат повеќе системски можности за размена на искуства при справувањето со НЕТП и СТБ помеѓу затворскиот кадар и јавните службеници од Западниот Балкан.

- Подеднакво важно во однос на градењето на капацитетот е западнобалканските власти да го подобрат процесот на документирање и собирање на методи, пристапи, активности поврзани со справување со НЕТП и СТБ, како и да овозможи споделување и користење на таквите информации од страна на администрацијата и граѓанското општество. Со други зборови, затворскиот систем треба

да може на јавните институции (на пр. центри за социјална заштита, локална полиција) да им обезбеди квалитетни информации за НЕТП и СТБ кои се отпуштени од затвор. Таквите информации се важни за планирање соодветни мерки кои ќе ја поддржат нивната рехабилитација и реинтеграција. Затворите/поправните служби треба да развијат начини за социјалните работници и останатите професионалци (вклучувајќи ги тие кои работат на менталното здравје) да имаат пристап до НЕТП и СТБ додека тие се во затворскиот систем. Ова потенцијално би водело до подобро разбирање од страна на институциите кои работат на процесот на реинтеграција со НЕТП и СТБ за нивните потреби и за видовите на пристапи кои би биле поефикасни во поддржувањето на нивната рехабилитација и реинтеграција.

2. **Да се развијат програми по мерка за справување со НЕТП и СТБ, кои исто така ќе ја подобрат економската поддршка за нив**

- Социо-економската поддршка за НЕТП и СТБ по излегувањето од затвор се смета за важна мерка за градење на отпорност на радикализација на заедницата и за градење доверба во јавните институции. НЕТП треба да добиваат социоекономска помош и практичарите треба да работат на зголемување на можностите за вработување на НЕТП по нивното отпуштање. Иако е така, проблем е јавната перцепција за овој вид на поддршка.

- Треба да се зголеми поддршката за Центрите за социјална заштита за поефективно вклучување во процесот на реинтеграција на вратените во општеството. Таквата поддршка треба да вклучува повеќе ресурси како и развој на капацитетите. Да се надградуваат постојните функционални механизми во управувањето со случаите на вратени жени и деца.

3. **Подобрување на соработката помеѓу државните и органите на граѓанското општество, како и религиските институции**

- Соработката меѓу повеќе агенции треба да надградува комуникациска стратегија која промовира заедничка процена и свесност помеѓу различни институции, граѓански организации, и заедницата во целост. Ова би овозможило понатамошно разјаснување на улогите на безбедносните и небезбедносните органи во процесите на исклучување, рехабилитација и реинтеграција на НЕТП.

- Улогите на разните невладини страни кои играат улога по отпуштањето како што се религиските водачи, членовите на семејствата на НЕТП, водачите во заедницата и останати практичари, треба да бидат интегрирани во планирањето на соработката меѓу повеќе агенции и планирањето интервенции, вклучително и за да се осигури конзистентен континуитет на излегувањето од затвор.

- Да се консолидира одржливото и систематско споделување информации и соработката помеѓу сите вклучени страни.

- Јазовите во капацитетите на страните вклучени во пристапите за исклучување, рехабилитација и реинтеграција треба да бидат мапирани и што порано да се работи на нив, на пример преку обуки, за да се осигура дека нивните интервенции се меѓусебно ефективни. Заедничката евалуација е уште една клучна алатка за градење на ефективноста на колаборативните интервенции.

## Релевантни практики

1. Искуството на БиХ покажува дека Центрите за социјална добросостојба се клучен механизам за справување со НЕТП и СТБ по излегувањето од затвор и олеснување на нивната повторна интеграција во општеството. Овие центри претставуваат појава на добра практика на соработка помеѓу безбедносните и небезбедносните институции.

2. Во Косово, **Одделот за спречување и реинтеграција на радикализирани лица** (ОСРРЛ) е владин оддел кој има воспоставено добри врски со заедницата и тоа играше клучна улога во реинтеграцијата на Косовците вратени во земјата од Сирија и Ирак. Принципот зад овој вид искуство може исто така целосно да се имплементира при справување со пуштени затвореници - екстремисти.

3. Регионалната иницијатива '**Зајакнување на казнено-поправните капацитети во справување со радикализацијата во затворите на Западен Балкан**' која ја финансира Европската комисија и ја имплементира Советот на Европа има за цел да ги премости јазовите на капацитет во терцијарната превенција и да го подобри управувањето со затворите во регионот. Таа се фокусира на обуки за затворскиот кадар и кадарот за условно ослободување, пристапи за рехабилитација, подготовка за отпуштање и пост-затворска помош.

## Понатамошни активности

Прво, дискусијата на работилницата предлага дека западнобалканските власти би имале корист од работилница за соработка и координација помеѓу организациите на граѓанското општество, заедницата и јавните институции при надгледувањето и управувањето со континуитетот на излегување од затвор на НЕТП и СТБ. Второ, корисна би била работилница која овозможува споделување искуства со справувањето со НЕТП и СТБ помеѓу јавните институции во регионот. За крај, во пошироката C-CHE перспектива, на властите во регионот исто така би им користела работилница за родовата перспектива и соработка со приватниот сектор за реинтеграција на НЕТП и СТБ, вклучувајќи ги отпуштените затвореници.

## Дополнителни текстови

**HF II Regional - Зајакнување на казнено-поправните капацитети во справување со радикализацијата во затворите** „Главната цел на Акцијата е да ја зајакне регионалната безбедност така што ќе ги подобри меѓуинституциската размена на знаења и добрите практики во регионот во однос на радикализацијата во затворите, со осврт на обезбедување на потребните стандарди, алатки и инструменти кои му се потребни на казнено-поправниот кадар за соодветно да реагира."

**Основната процена на Службата за условно ослободување на Косово** од страна на Косовскиот центар за безбедносни истражувања (КЦБС) дава основна процена на предизвиците со кои се справува Службата за условно ослободување на Косово при управување со и надгледување на НЕТП и СТБ. Овој извештај е заснован на интервјуа во живо со кадарот на Службата за условно ослободување на Косово, со тоа давајќи важен увид во секојдневните предизвици на поединците кои се справуваат со НЕТП и СТБ.

**Промовирање пристап од повеќе учесници кон спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам**: Збирен извештај за дискусиите на тркалезна маса за Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам во Република Северна Македонија. Извештајот го истакнува проблемот на недостаток на капацитет и знаење за тоа како да се управува со излегувањето од затвор на НЕТП и СТБ со цел да се спречи рецидивизмот.

** Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и Мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.*

Производ на Мрежата за зголемување на свеста за опасностите од радикализацијата (РАН)
Врз основа на документ што го подготви експертот на РАН на Западен Балкан **Рамадан Илази**
по консултација со персоналот на РАН **Росица Џекова** и **Фелине Дениз**